РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5842/2
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-5842/1 од 15.12.2023 година, поднесена против --------------------------------- на РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-5842/1 од 15.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 15.12.2023 година, поднесена е пријава против ---------------------------------- на РСМ и оформен е предмет број 12-5842/1 од 15.12.2023 година.

Пријавата е насловена до Владата на РСМ, Државен инспекторат за труд, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и ДКСК. Во пријавата се наведува дека од страна на ------------------------------------------------------------- е донесена одлука за доделување на парични средства, односно додаток на плата од 30% на исти вработени два месеци по ред спротивно на законските одредби што според подносителите предизвикува револт и нерамноправно постапување во однос на останатите вработени во институцијата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека истите не се предмет на надлежно постапување на ДКСК, а подносителот се обратил до надлежните органи, поради што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk